И З В Р Ш И Т Е Л
Павел Поп-Иванов
именуван за подрачјето на
Основен граѓански суд Скопје
Основен кривичен суд Скопје
ул.Дренак бр. 2а-1/53
02/5202610,078244406,izvrsitelpopivanov@gmail.com

Образец бр.66

И.бр.3526/24

Извршителот **Павел Поп-Иванов** од **Скопје** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Оливера Велковска** од Скопје со живеалиште на ул.102 бр.52 Волково преку пол.Адвокатска канцеларија Јанкуловски, засновано на извршната исправа 27МАЛВП - 839/21 од 22.12.2022 на Основен граѓански суд Скопје, против должникот **Никола Недановски** од Скопје со живеалиште на ул.35 бр.8Б Волково Ѓорче Петров, за спроведување на извршување во вредност 245.200,00 ден., на ден 04.11.2026 година го донесува следниот:

З А К Л У Ч О К
ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

- КП 573, дел 0, адреса (улица и куќен број на зграда) ул.35 бр.8Б Волково, бр.на.зграда/друг објект 1, намена на згр,преземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем А1-1, влез 1, кат МА 1, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ со површина од 55 м2, запишано во лист В;

- КП 573, дел 0, адреса (улица и куќен број на зграда) ул.35 бр.8Б Волково, бр.на.зграда/друг објект 1, намена на згр,преземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем А1-1, влез 1, кат ПО 1, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда П со површина од 17 м2, запишано во лист В;

- КП 573, дел 0, адреса (улица и куќен број на зграда) ул.35 бр.8Б Волково, бр.на.зграда/друг објект 1, намена на згр,преземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем А1-1, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ со површина од 52 м2, запишано во лист В;

запишана во имотен лист бр.3666 КО ВОЛКОВО при АКН – Центар за Катастар на недвижности Скопје, сопственост на должникот **Никола Недановски**

Продажбата ќе се одржи на ден 24.11.2026 год. година во 12:00 часот во просториите на Извршител Павел Поп Иванов со седиште на ул. Дренак бр.2А-1/53 Скопје.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.3526/24 од 16.06.2026 год., која е намалена по предлог на доверителот за 1/3 изнесува 2.957.209,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: Налог за извршување И.бр.1246/2018 од 01.12.2021 год. од Извршител Гордан Станковиќ; Налог за извршување кај пристапување кон извршување И.бр.3526/24 од 04.12.2024 год. на Извршител Павел Поп Иванов; Решение за привремена мерка – 27 МАЛВП – 1904/21 од 10.12.2021 год. – Основен граѓански суд Скопје.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На второто јавно наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста најдоцна до 23.11.2026 год. во износ од 443.581,00 ден.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 300000004680674 која се води кај Комерцијална Банка АД Скопје и даночен број МК5080021510655.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на второто јавно наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Павел Поп-Иванов

Д.-на:доверител, должник,

Град Скопје, Извршител Гордан Станковиќ,

Стопанска банка АД Скопје, Нова Македонија,

КИРСМ

Правна поука: Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд во рок од три дена од денот на приемот на заклучокот, согласно одредбите од член 86 од Законот за извршување.

.